Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на дел од дневните настани 10.11.2023

На 09.11.2023 во 18.30 часот од страна на полициски службеници од Полициска станица Кисела Вода е лишена од слобода 17-годишна малолетничка, кај која при преглед во ученички ранец, извршен во двор на основно училиште на подрачјето на Кисела Вода, пронајдена е и одземена марихуана. Во присуство на родител, адвокат и инспектор по малолетничка делинквенција со неа е извршен службен разговор во полициска станица, во која таа го пријавила делото. Малолетничката е предадена на родителот, за случајот е известен јавен обвинител и по неговото целосно документирање ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Денеска (10.11.2023) во 00.50 часот на потегот помеѓу С.Свидовица и С.Куклиш полициски службеници од РЦ за ГР Исток го лишиле од слобода А.Д.(63) од Струмица. Тој бил затекнат со група од 11 лица мигранти (5 од Индија и 6 од Непал), кои ќе бидат пренесени во Прифатно-транзитен центар Гевгелија. За случајот бил известен Јавен обвинител, а приведениот, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело по чл.418-б, бил задржан во полициска станица за понатамошна постапка. По документирање на случајот против А.Д. ќе биде поднесена соодветна пријава.

Вчера (09.11.2023) околу 23.00 часот, на улица „Илинденска" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 30-годишниот Н.М. од тетовски Пирок кај кого били пронајден и одземен кокаин. По документирање на случајот против него ќе следува поднесок.

Вчера (09.11.2023), полициски службеници од Единицата за внатрешни работи Карпош го лишиле од слобода Д.С. (53) од Скопје. Тој се сомнича дека претходно во текот на денот од трговски центар на подрачјето на Карпош одзел предмети. Од него биле одземени украдените предмети кои ќе бидат вратени на сопственикот, а по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Полициски службеници на СВР Тетово вчера (09.11.2023) околу 20.30 часот на улица „170" во Тетово ги лишиле од слобода Н.С.(22) од тетовски Требош и 24-годишниот А.А. од тетовска Долна Лешница, затоа што кај них биле пронајдени и одземени марихуана и нож. Двајцата се задржани во Полициската станица Тетово и по целосно расчистување и документирање на случајот ќе им бидат изготвени соодветни поднесоци.

Денеска (10.11.2023) во 01.20 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Б.Б.(21) од Велес, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 09.11.2023 во 08.45 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Одделението за криминалистички работи Аеродром и Дračево го лишиле од слобода А.Д.(22) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 09.11.2023 во 20.00 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Полициската станица Карпош го лишиле од слобода Е.Ф.(20) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (09.11.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 292 возачи. Од ним 10 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволената, а едно возило се движело со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 172 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 120 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (09.11.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 273 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 34 санкции, 37 мерки за возење без возачка дозвола, 12 санкции за технички неисправни и нерегистрирани возила. Изречени се 15 мерки за користење мобилен телефон при возење, 37 санкции за некористење сигурносен појас, три мерки за четири санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло)...

Секторот за внатрешни работи Битола во текот на вчерашниот ден (09.11.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на СВР Битола санкционирани биле 110 возачи, меѓу кои 85 за возење повеќе од дозволената брзина (60 во населено место и 25 надвор од населено место), 7 мерки за возење без возачка дозвола, 7 санкции за непропишо паркирање. Изречени се две санкции за користење на мобилен телефон при возење, една мерка за некористење на сигурносен појас, три санкции за управување под дејство на алкохол....

На 09.11.2023 во 23.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Христо Татарчев" мопед „лијаќио" со скопски регистарски ознаки, управуван од малолетник од Скопје удрил во Т.С.(47) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил пешакот, а со телесни повреди се здобил возачот на мопедот, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

Во текот на вчерашниот ден (09.11.2023), во периодот од 16.00 до 20.00 часот, Секторот за сообраќајни работи при Одделот за униформирана полиција Биро за јавна безбедност и Мобилната единица за безбедност на сообраќајот на патишта спроведоа акциска контрола на територијата на општина Ѓорче Петров во Скопје, за санкционирање на возачи кои не ги почитуваат сообраќајните правила и прописи. При контролата санкционирани се 75 возачи, од кои 22 за возење без возачка дозвола, четири санкции поради измината важност на сообраќајната дозвола, шест мерки за непропишо вградени фолии (затемнети стакла), пет санкции за возење под дејство на алкохол... На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци.

На 09.11.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 14 прекршоци, од кои 8 во населено место и 6 надвор од населено место. Санкционирани биле и 16 други видови на прекршоци, од кои 6 за управување возило без возачка дозвола, 2 за нерегистрирано возило, 1 за некористење сигурносен појас, 1 за користење мобилен телефон и 6 за непропишо паркирање.

На 09.11.2023 во 16.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Бардовци, патничко возило „сузуки" со скопски регистарски ознаки, управувано од Д.Д.(58) од Скопје, излетало од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот, констатирани во Градската општа болница „8 Септември". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 09.11.2023 во 14.00 часот во Полициската станица Центар, Б.Р.(48) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Центар бил каснат од куче скитник.

На 09.11.2023 во 19.20 часот во Полициската станица Аеродром, Д.М.(39) од Скопје пријавил дека на бул. „Јане Сандански" бил каснат од куче скитник.

На 09.11.2023 во 19.40 часот во Полициската станица Чаир, В.В.(56) од Скопје пријавила дека на ул.„Петар Манчуков" била касната од куче скитник.

На 09.11.2023 во 18.10 часот на ул.„Ѓорче Петров" во Скопје, Оперативен тим – Потраги го лиши од слобода М.Б.(50) од Скопје. Тој бил баран по централна потерница, врз основа на наредба од Основен кривичен суд Скопје, осуден на казна затвор во времетраење од две години во врска со чл.235 од Кривичниот законик. Лицето е предадено во Полициската станица Ѓорче Петров, по што ќе биде спроведено во казнено-поправна установа за издржување на казната.
Денеска (10.11.2023) во 00.20 часот на подрачјето на Бит Пазар од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје биле лишени од слобода троја малолетници од Скопје, поради тие што на 09.11.2023 околу 23.15 часот во Градскиот парк во Скопје, со закана со остар предмет од две лица одделе пари. Со нив бил извршен разговор во присуство на нивните родители, а кај едно од лицата биле пронајдени дел од одземените пари. По целосно документирање на случајот Единицата за внатрешни работи Центар и Бит Пазар ќе поднесе кривична пријава за сторено кривично дело „разбојништво".
Денеска (10.11.2023) во 13.35 часот од с.Инџиково, скопско, од страна на Оперативен тим - Потраги лишен е од слобода П.К.(23) од скопско. За него била распишана ѕвездарна потерница, врз основа на судска наредба со која бил баран за издржување на затворска казна во траење од една година. П.К. ќе биде спроведен во казнено-поправна установа.
На 09.11.2023 во ОВР Радовиш било пријавено дека околу 14.50 часот на ул.„Гоце Делчев", кај место викано „Јаворот", настанал пожар на покривната конструкција од куќа сопственост на А.Ѓ.(69). Противпожарна бригада го изгаснала пожарот, а повредени лица нема. Увид на местото бил извршен од екипа од ОВР Радовиш.
Денеска (10.11.2023) во 09.00 часот во СВР Скопје од Градската општа болница „Св.Наум Охридски" било пријавено дека кај них со тешки телесни повреди бил донесен Л.Т.(47) од Скопје. Според пријавеното, тој со повредите се здобил додека извршувал работни задачи во фирма на подрачјето на Гази Баба. Полициски службеници излегле на местото на настанот и известен бил јавниот обвинител.
На 09.11.2023 во 23.40 часот во СВР Скопје А.З.(36) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Шуто Оризари бил физички нападнат од три лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.
На 09.11.2023 во 22:35 часот во СВР Скопје, од Градска општа болница „Св.Наум Охридски" било пријавено дека кај них со тешки телесни повреди биле донесени О.О. (25) и О.Е. (29), осуденик од КПУ Штип, пуштен на отсуство, двајцата од Скопје. Полициски службеници излегле на местото и по извршен службен разговор било констатирано дека двете лица, сопственици на угостителски објект на подрачјето на Чаир, биле повредени од Е.Ц. и Е.Н., кои пукале со пиштол кон них, откако претходно со закана одделе пари и храна од лице кое било вработено во угостителскиот објект како доставувач. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.
На 10.11.2023 година, СВР Охрид поднесе кривична пријава против С.Т.(37) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или експлозивни материи". При претрес: во неговиот дом, извршен по судска наредба, полициските службеници од одделението за недозволена трговија со оружје кај него пронајдоа и одземаа пиштол, рачна граната, ловна пушка и 493 куршуми со различен калибар, кои нелегално ги поседувал.
На 09.11.2023 во 21.00 часот во СВР Скопје А.Б.(38) од Скопје, пријавила дека околу 13.00 часот во двор од основно училиште на подрачјето на Гази Баба нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од негов сопаничк. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.
Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Д.Т.(37) од Кочани, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 20.10.2023 година, во Кочани, пријавениот физички ја нападнал С.М..
На 09.11.2023 во 22.30 часот во Полициската станица Гази Баба, А.Ј.(36) од Скопје пријавила дека на ул. „Коце Металец" била касната од куче скитник.
ОВР Струга поднесе кривична пријава против В.Н.(38) од струшко село Велешта, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „измама" и „загрозување на сигурноста". Тој, во текот на оваа година, на неговата невенчана сопруга и испрашал пораки со заканувачки содржини, обидувајќи се да ѝ измами пари.
На 09.11.2023 во 10.45 часот во СВР Битола, Д.В.(66) од Битола пријавила дека на ул.„Партизанска" нејзиниот син бил каснат од куче скитник.
СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.М.(50) од Тетово, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „измама". Пријавениот, во текот на 2019 година земал кредит од Р.М. во износ од 5.000 евра за купување на стан, кој веќе бил продаден на друго лице, а на 03.03.2023 му побарал уште 1.000 евра му бидат исплатени преку експозитура за брз трансфер на пари за да ја завршат работата со станот. Следниот ден сопственикот телефонски стапил во контакт со пријавениот, кој му испратил снимка на име на лице од Битола, а по ова повеќе не се јавувал на телефон по што оштетениот се посомневал дека е измамен.
На 10.11.2023 година во СВР Охрид е пријавено дека во куќа во селото Требениште, општина Дебрца, сопственоста на Б.Н.(77) од истото село, настанал пожар, во кој таа го загубила животот, а смрт констатирал лекар од Итна медицинска помош. Според пријавеното, во куќата се наоѓале и нејзиниот сопруг Б.Т.(79) и нејзината сестра Б.Н.(70), која се здобила со повреди, по што со возило на Итна медицинска помош е пренесена во Општата болница во Охрид. Во гасењето на пожарот интервенирала Територијалната противпожарна единица од Охрид, а увид на местото извршила увидна екипа предводена од јавен обвинител.
На 09.11.2023 во 09.50 часот во Полициската станица Карпош, Р.М.(27) од Берово пријавил дека во кругот на касарна „Илинден", на бул.„Никола Карев", бил каснат од куче скитник.
На 09.11.2023 во 09.00 часот во Полициското одделение Петровец, С.З.(52) од с.Катланово пријавил дека од домот се одалечила неговата малолетна ќерка А.З.(17), која и претходно се одалечувала и била враќана назад. Според пријавеното, таа најверојатно се наоѓа во домот на А.Н., со кого била во љубовна врска. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.
На 09.11.2023 во 17.30 часот во СВР Тетово, Н.Ш.(46) од Гостивар пријавил дека на улица „Живко Брајковски" во Гостивар неговата малолетна ќерка била касната од куче скитник.
Надворешната канцеларија за криминалистички работи Ресен поднесе кривична пријава против Б.Т.(53) од Ресен, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „незаконит лов". На 13.08.2023 пријавениот бил затекнат како се движи со ловачка пушка во ловиште без дозвола за лов.
Денес (10.11.2023) во 05.22 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул. „Видое Смилевски – Бато", настанал пожар во патничко возило „Диат" со скопски регистарски ознаки, сопственост на Ф.П.(29) од Скопје. Противпожарна бригада го изгаснала пожарот, а повредени лица нема. Увид на местото бил извршен од екипа од СВР Скопје и се преземаат мерки за расчистување на случајот.
На 09.11.2023 во 14.00 часот во Полициското Одделение Ропотово, И.А.(56) од с.Црнилиште, Општина Долнени пријавил дека во с.Црнилиште бил каснат од куче скитник.
СВР Велес поднесе кривична пријава против З.М. (42) од Неготино, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „неизвршување на судска одлука". На 26.10.2023 година пријавениот отишол во домот на оштетениот во Неготино, со цел да ја почитувал изречената мерка забрана за приближување до домот.
На 09.11.2023 во 12.30 часот во СВР Куманово, М.Т. (77) од Куманово пријавил дека на улицата „Димитар Влахов" во Куманово бил каснат од куче скитник.